Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 03.02.2022

На 02.02.2022 околу 14.40 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Р.А.(48) од Тетово. Тој се барал со судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 02.02.2022 во 15.15 часот на подрачјето на Бит Пазар, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје од слобода бил лишен Е.Х.(41) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Отсекот за економски криминал при СВР Струмица до Основното јавно обвинителство Струмица, поднесе кривична пријава против Н.Б.(45) од Струмица и правен субјект со седиште во Струмица поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „даночно затајување" по член 279 од Кривичниот законик. Пријавениот Н.Б., во својство на управител правниот субјект, во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 не пресметал и не платил данок на личен доход во износ од 280.048 денари со затајна камата за ненавремено плаќање во износ од 24.183,оо денари, што е спротивно на одредбите од член 84,87,89,92 и 93 од Законот за личен доход. Исто така, во периодот од 01.01.2019 до 30.09.2021 не пресметал и не платил Данок на додадена вредност во износ од 518.078 денари, што е спротивно на одредбите од член 52 став 1 од Закон за данок на додадена вредност. Со ваквите дејствија тие предизвикале штета на Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 822.309 денари.

СВР Скопје до Основното јавно обвинителство во Скопје, поднесе кривични пријави против С.Р.(27), Ф.С.(35) и А.Ш.(25), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија" по член 206 од Кривичниот законик. На 11.12.2021, пријавените С.Р. и Ф.С. биле затекнати во угостителски објекти без сертификати за вакцинација против Ковид–19, што е спротивно на мерките на Владата за забрана за влез во угостителски објекти на лица без сертификат за вакцинација. Додека, пак, пријавениот А.Ш. на 22.12.2021 бил затекнат надвор од својот дом и покрај тоа што бил лабораториски потврден позитивен случај на Ковид-19 и имал решение од Државен санитарен и здравствен инспекторат за домашно лекување и изолација.

На 02.02.2022 во 11.45 часот, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци извршиле контрола и не го пронашле М.Ј.(51) од Кавадарци во својот дом и покрај тоа што имал решение издадено од Државен санитарен и здравствен инспекторат за изолација. За настанот бил запознаен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против М.Ј. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци, од кои 13 во населено место и 5 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 14.00 до 17.00 часот спроведена е акциска контрола на возачи кои не почитуваат првенство на минување на пешаци. Притоа биле откриени и санкционирани 2 прекршоци. Покрај нив, санкционирани биле и 26 други видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас, 4 за користење мобилен телефон, 3 за прекршоци направени од пешаци и 2 за непрописно паркирање.

На 02.02.2022 во периодот од 14.00 до 17.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои на даваат предност на минување на пешаци. Притоа, биле констатирани и санкционирани 9 прекршоци. Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 02.02.2022 во периодот од 14.00 до 17.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат првенство на минување на пешаци. Притоа, биле констатирани 5 прекршоци. Сите прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 02.02.2022 во 06.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од улиците „Тодор Александров", „Славејко Арсов" и „Салвадор Аљенде" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген", управувано од Ш.Б.(19) од Скопје и патничко возило „рено меган", управувано од М.Б.(52) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатник од возилото „фолксваген", А.Џ.(20) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" и Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.02.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Центар, М.К.(35) од Скопје пријавила дека во Градски парк била каснато од куче скитник.

На 02.02.2022 во 17.15 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на ул.„Илинденска" во Гостивар, патничко возило „рено", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.Н.(55) од с.Равен, гостиварско, удрило во пешакот Б.Б.(48) од Гостивар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Б.Б., констатирани во Медицинскиот центар Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 02.02.2022 во 14.05 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Е.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„Џон Кенеди" неговата малолетна ќерка била каснато од куче скитник.

Деноска (03.02.2022) во 10.30 часот, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода А.Х.(48) од Скопје. Тој се барал со судска наредба за издржување затворска казна од две години и шест месеци. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

Во текот на јануари годинава, полициските службеници на СВР Тетово-Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово, во Тетово и тетовско во редовни и над дваесет акциски контроли вкупно откриле и законски санкционирале 1.607 различни видови неисправности, односно сообраќајни прекршоци или 74 помалку во споредба со истиот период лани. Во контролните активности спроведени минатиот месец, а поради констатирани прекршоци, од сообраќај биле исклучени 89 возила, од кои 63 поради истечена регистрација до и над 30 дена, а 26 поради утврдена техничка неисправност. Во јануари, исто така, од сообраќај биле исклучени и 359 возачи или 155 повеќе од лани, од кои 198 управувале без возачка дозвола, 77 под дејство на алкохол, 73 возачи-почетници кои не се придржувале на законските ограничувања, 2 со несоодветна категорија и 9 со важечка забрана за управување. Покрај тоа, во овој период, времено биле одземени 16 возила, 149 возачки и 60 сообраќајни дозволи.

На 02.02.2022 во полициското одделение во струшкото село Велешта приведен е Е.Г.(22) од с.Лабуништа, кој претходно во селото физички го нападнал Н.Г.(53) од истото село и со пиштол му се заканувал. По судска наредба, полициски службеници извршија претрес во неговиот дом, при што пронајдоа и одзедоа еден сигнален пиштол марка „Bruni" калибар 9мм. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.02.2022 во 03.45 часот во СВР Скопје, Н.Л.(22) пријавила дека во 01.40 часот пред угостителски објект на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање, била физички нападната од П.А.(20). Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 02.02.2022 во 13.30 часот во СВР Тетово, 31-годишен жител на гостиварско село пријавил дека бил измамен од Б.Х.(58) од Гостивар. Според пријавеното, пред извесно време се договорил од него да купи слаткарска опрема и му ја дал договорената сума, но до пријавувањето опремата сè уште не ја добил, а лицето не му се јавувало. Се расчистува и документира случајот.

На 02.02.2022 во 21.00 часот во Полициската станица Центар, Х.А.(27) од с.Љубин, скопско, пријавил дека околу 19.30 часот, додека бил на неговото работно место како обезбедување во казино на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање со С.Н., тој и уште едно лице започнале агресивно да се однесуваат, по што другото лице физички го нападнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.02.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Аеродром е пријавено дека М.С.(23) од Скопје, за кого на 31.01.2022 било пријавено дека се оддалечил од домот, на 01.02.2022 околу 22.00 часот бил вратен дома.

На 02.02.2022 во 19.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.Ј.(22) од с.Волково, скопско, пријавил дека во с.Волково бил каснат од куче скитник.

На 02.02.2022 во 02.20 часот во Полициската станица Аеродром, Р.З.(30) од с.Илинден, скопско, пријавил дека на 01.02.2022 околу 23.00 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.Ќ.(39) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижности". По текот на 2021 година, пријавениот изградил куќа на земјиште, сопственост на Н.Ќ. и на Република Северна Македонија.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Џ.И.(59) од општина Желино, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на пандемија". На 01.12.2021 на Граничен премин „Табановце", пријавената приложила фалсификуван ПЦР тест.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против М.Х.(46) од с.Драчевица, општина Студеничани, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на пандемија". На 08.10.2021 на Граничен премин „Табановце" пријавената приложила фалсификуван ПЦР тест.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против О.Ј.(37) од Република Србија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на пандемија". На 24.12.2021, пријавената на Граничен премин „Табановце" приложила фалсификуван ПЦР тест.

ОВР Берово поднесе кривична пријава спротив С.М.(41) од с.Робово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 06.11.2022, пријавениот го напуштил својот дом и покрај тоа што имал решение за изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.